Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 16.06.2024

Денеска (16.06.2024) во 03.30 часот во с.Шишево, скопско, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Џ.С.(25) од с.Шишево. Тој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување казна затвор од пет години и 11 месеци за сторени повеќе кривични дела „тешка кражба" по член 236 и „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" по член 215 од Кривичниот законик. Лицето е проведено во Полициската станица Ѓорче Петров за понатамошна постапка, по што ќе биде спроведено во надлежната казнено – поправна установа за издржување на казната..

На 15.06.2024 во 23.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.И.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.06.2024 во 00.10 часот на ул„Борка Лопач" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода М.А.(22) и Н.С.(23), двајцата од Прилеп, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.06.2024 во 04.00 часот во Меморијалниот центар во с.Пелинце, општина Старо Нагоричане, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Куманово ги лишиле од слобода Д.К.(29) и А.П.(22), двајцата од Куманово, затоа што кај нив биле пронајдени кокаин, хероин и таблети. Д.К. и А.П. биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следува соодветна пријава.

На 15.06.2024 во 13.20 часот во Градско, полициски службеници од Полициската канцеларија Градско го привеле лице Ж.С(41) од с.Кадино село, прилепско, кој бил баран по потерница врз основа на наредба од Основен суд Прилеп за издржување на затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Битола за издржување на казната.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (15.06.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 97 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 15 санкции, 10 мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, пет санкции за користење мобилен телефон при возење. Изречени се четири мерки за некористење сигуносен појас, три санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 15.06.2024 во 18.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„531" во с.Марино, општина Илинден, патничко возило „форд фиеста" со скопски регистарски ознаки, управувано од З.Ј.(56) од с.Марино, удрило во велосипед управуван од Д.Ј.(66) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" Скопје. За настанот бил известен јавен обвинител. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 15.06.2024 во 14.30 часот во Полициската станица Чаир, И.К.(45) од Скопје пријавил дека на ул.„Радишанска лево" во Скопје, неговиот малолетен син бил каснат од куче со сопственик.

На 15.06.2024 во 18.35 часот во Полициската станица Аеродром, М.Ѓ.(40) од с.Долно Лисиче, скопско, пријавил дека на место викано „Чатал" во с.Долно Лисиче, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 15.06.2024 во 14.10 часот во Полициската станица Аеродром, М.Н.(71) од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански" во Скопје била касната од куче скитник.

Денеска (16.06.2024) во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга го лишиле од слобода Х.Б.(27) од Струга, кој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за издржување мерка притвор поради сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" по член 215 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

На 15/16.06.2024 во периодот од 22.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Охрид реализирани се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале 11 возачи кои управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-06, Струга-05). Тие, веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

Денеска (16.06.2024) во 00.10 часот полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Е.Д.(39) од Штип, постапувајќи по претходна пријава дека физички ја нападнал неговата 37-годишна сопруга со која се во бракоразводна постапка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.06.2024 во 11.00 часот, полициски службеници од Полициското одделение Сарај го привеле Х.М.(46) од Скопје, со престој во с.Чичино село, скопско, постапувајќи по претходна пријава дека вознемирувал од 45 – годишна жена од Центарот за згрижени лица во с.Чичино село, а потоа агресивно се однесувал кон полициски службеници кои преземале мерки по пријавата. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (16.06.2024) во СВР Штип бил извршен службен разговор со П.А.(32) од Битола. По преземени мерки по претходна пријава дека на 15.06.2024 во 18.45 часот на ул.„Енгелсова" во Штип имало пукање со пиштол, полициски службеници во угостителски објект го пронашле П.А. заедно со Д.А.(33) од Штип и кај нив бил пронајден пиштол „Екол" калибар 9 мм., сопственост на Д.А.(33). Исто така, по преземени мерки било утврдено дека П.А. пукал од пиштолот, кој Д.А. го поседувал без дозвола. По целосно документирање на случајот, против двајцата ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 15.06.2024 во Полициската станица Берово бил извршен службен разговор со А.С.(22) од беровско село, постапувајќи по претходна пријава дека се закануал на негови роднини и се обидел со запалива течност да предизвика пожар на нивната ограда од дворот, но бил спречен од татко му. По целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветен поднесок.

На 15.06.2024 во 15.00 часот во СВР Скопје, Н.Б.(27) од Скопје пријавил дека околу 14.00 часот на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.06.2024 во 13.55 часот во СВР Скопје, Д.Б.(34) од Скопје пријавил дека околу 13.50 часот на паркинг простор на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (16.06.2024) во 05.50 часот во СВР Штип, Р.Н.(31) од Штип пријавил дека на ул. „Железничка" бил физички нападнат од С.М.(31) од Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.06.2024 во 23.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Добри Дол, скопско, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу З.К.(50) од с.Добри Дол и Б.В.(35) од Скопје, при што бил употребен тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.06.2024 во 08.43 часот во СВР Скопје било пријавено дека во казино на подрачје на Центар едно лице со закана кон вработената го одзело дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (16.06.2024 во 07.15 часот во СВР Скопје, М.Џ.(51) од с.Љуботен, скопско, пријави дека околу 05.00 часот во с.Трубарево било опожарено неговото паркирано товарно „мерцедес" со скопски регистарски ознаки. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 15.06.2024 во 22.45 часот во СВР Велес, К.А.(29) од Велес пријавил дека на ул.„Благој Ѓорев" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 15.06.2024 во 09.35 часот во ОВР Неготино било пријавено дека на ул.„Илинденска" во Демир Капија, малолетник од Република Србија бил каснат од куче скитник.

На 15.06.2024 во 12.42 часот во Полициската станица Гостивар, И.Б.(40) од Гостивар пријавил дека на ул.„Мара Угриноска" во Гостивар, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет